Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и босански јазик за **VIII** одделение

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## што ја следат наставата на српски и на босански јазик

**за VIII одделение**

**Скопје, 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и на босански јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | VIII |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br>- да се оспособи за функционално практикување на знаењата од подрачјето јазик;<br>- да се оспособи за самостојно читање на текстови од разни жанри со запознавање на културниот контекст на текстовите;<br>- да се здобие со основни компетенции за анализа на текстови ( полесни или потешки текстови);<br>- да го збогати зборовниот фонд преку формите на усното и писменото изразување;<br>- коректно да се изразува ( усно или писмено) во рамките на предвидениот јазичен или лексички материјал; |
| **Јазични вештини** | Слушање<br>Зборување<br>Читање<br>Пишување |
| **Наставни подрачја** | Јазик<br>Литература и лектира<br>Изразување и творење<br>**ЗАБЕЛЕШКА:** Поради поголема прегледност во Програмата наставните подрачја се дадени одделно, во наставата тие се тесно поврзани. Една синтаксичка конструкција, јазичен модел, се вежбаат на тематски најпогоден материјал, а во работата се испреплетуваат сите четири јазични вештини. |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br><br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, наставна насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ);<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насокаVII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- -Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Двопредметни студии, наставна насока:македонски јазик и англиски јазик, македонски јазик и германски јазик и македонски јазик и француски јазик VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>-Општа и комапративна книжевност, македонски јазик и книжевност, друга насока VII/1 степен, VIA според МРК т.е. 240 кредити ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција. |

| | | |
|---|---|---|
| **ГРАМАТИЧКА СТРУКТУРА** | Фонетика<br>Поделба на согласките по звучност<br>Акцентот на туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик<br><br>Морфологија<br>Именки со суфикси за изразување чувствен однос – деминутиви и аугементативи<br>Образување на именки од глаголи и од придавки<br><br>Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br><br>Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л - форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка,<br>Минато неопределено свршено и несвршено време<br><br>Синтакса<br>Сложена реченица<br>Независносложени реченици (составни независносложени реченици, спротивни независносложени реченици и разделни независносложени реченици)<br><br>Правопис<br>Фонетски промени кај согласките - едначење по звучност<br>Употреба на запирката во независносложените реченици<br>Скратеници и скратувања<br><br>Текстови со практична примена: пишување молба, приговор, пополнување формулари | |

**Забелешка:** Наставните содржини од делот Граматичка структура треба да се реализираат постапно со многу примери, соодветно обмислени. Барањата и задачите треба да бидат разнолични при што ќе се овозможи корелација со мајчиниот јазик и користење на претходно усвоени знаења.

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Јазик** | | | |
| 1.1. | -ги воочи моментите каде се случува гласовната промена едначење по звучност;<br>- ги препознава туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик и правилно да ги акцентира;<br>- ги препознава туѓите зборови што го примиле македонскиот акцент. | Фонетика<br>Поделба на согласките по звучност<br>Акцентотна туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик | -Учениците набројуваат зборови од туѓо потекло кои ги користат секојдневно. Наставникот подготвува табели во кои се класифицирани зборови од туѓо потекло според начинот на акцентирање<br>-Вежби во кои се дадени зборови и учениците правилно ги акцентираат. | 1.1.1. - ги разликува согласките по звучност;<br>1.1.2. - ги препознае зборовите од туѓо потекло;<br>1.1.3. - правилно ги акцентира зборовите од туѓо потекло;<br>1.1.4. - ги препознае туѓите зборови кои го примиле македонскиот акцент |
| 1.2. | - ги препознава, разликува и користи аугментативни и деминутивни форми од именките; | Морфологија<br>Именки со суфикси за изразување чувствен однос – деминутиви и аугментативи | -Активности преку јазична игра Разместувалка. Учениците имаат задача да состават именки со суфикси кои ги има во зборот (камен, тапан, дете, -че, це)<br>(зграда, коса, јунак-иште, -ина) | 1.2.1. - означува и разликува аугментативни и деминутивни на/од именките;<br>1.2.2. - разликува именки и именки во аугментативна и/или деминутивна форма;<br>1.2.3. - составува реченици со аугментативи и деминутиви. |
| 1.3. | - го разликува и да го применува степенувањето кај придавките во споредба со основната форма на придавката; | Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br>(компаратив и суперлатив) | -Учениците посочуваат својства на предмети во помал или поголем степен. Се прават табели со придавки кои учениците ги степенуваатСтепенуваните придавки правилно ги употребуваат во реченици. | 1.3.1. - ги препознава придавките кои се во компаратив<br>1.3.2. – ги препознава придавките кои се во суперлатив;<br>1.3.3. – ги применува правилата за степенување кај придавките |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.4. | - ги препознава неличните глаголски форми;<br>- ги препознае и да ги примени формите за минато неопределено свршено и несвршено време. | Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л - форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка,<br>Минато неопределено свршено и несвршено време | Со помош на Венов дијаграм учениците ги откриваат сличностите и разликите меѓу лични и нелични глаголски форми.Изработка на вежби за глаголска л-форма,глаголска именка,глаголски прилог,глаголска придавка.<br>Наставникот со насочени прашања ги поттикнува учениците да ги препознаат и применат глаголите кои искажуваат минато неопределено свршено и несршено време.<br>Вежби за минато неопределено свршено и несвршено време. | 1.4.1. - препознава нелични глаголски форми;<br>1.4.2. - ги разликува неличните глаголски форми и ги споредува;<br>1.4.3. – составува реченици со нелични глагоски форми;<br>1.4.4. – дефинира образување и основно значење ипри употребата на минато неопределено време;<br>1.4.5. – коструира примери со употреба на минато неопредено време. |
| 1.5. | -разликува главна и независна реченица во рамките на независносложените реченици;<br>- ги разликува видовите независно сложените реченици;<br>- да составува независносложени реченици со поврзување на дел-реченици. | Синтакса<br>Сложена реченица<br>Независносложени реченици (составни независносложени реченици, спротивни независносложени реченици и разделни независносложени реченици) | -Со техниката Мисловна мапа се повторува за проста и сложена реченица.<br>-Прекуанализа на текст и посочени реченици се увежбува структурата и зборовред во сложена реченица.<br>-Активности преку јазичната играСинџир од зборови. Се нижат зборови и се создава составна, спротивна и разделна реченица, при тоа се внимава правилно да бидат употребени сврзниците. | 1.5.1. - дефинира сложена реченица и дел реченици во сложената реченица;<br>1.5.2. – воочува независносложени реченици;<br>1.5.3. – препознава видови независносложени реченици: составни, спротивни и разделни);<br>1.5.4. - употребува независносложени реченици во различен јазичен контекст. |
| 1.6. | - ги почитува правилата за едначење на согласките по звучност;<br>- ги почитува правилата за | Правопис<br>Фонетски промени кај согласките - едначење по звучност<br>Употреба на запирката во | -За полесно совладување на фонетските промени се прават табели во кои учениците пишуваат зборови почитувајќи го правилото | 1.6.1. – пишува зборови почитувајќи го правилото за едначење на согласките по звучност; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | интерпункција при пишувањето на независносложени реченици;<br>- пишува скратеници и скратувања . | независносложените реченици<br>Скратеници (пример СОУ,СГСУ, ООУ,УНИЦЕФ, ЕУ...) и скратувања (ж.р. м.р, с.р. , ед. мн. , с., бр. ул. , гр. , г. г-ца, г-ѓа) | за едначење на согласките по звучност.<br>-Наставникот пишува независносложени реченици, а учениците ја употребуваат правилно запирката.<br>-Вежби во кои се дадени зборови за кои учениците треба да напишат скратеници. Потоа со употреба на Правопис на македонскиот јазик прават проверка. | 1.6.2. - ги примени правилата за интерпункција при градењето на независносложени реченици;<br>1.6.3. – ги пишува правилно скратениците и скратувањата. |
| 1.7. | - пишува молба, приговор, пополнува формулар; | Текстови со практична примена: пишување молба; приговор, пополнување формулари | -Наставникот ја објаснува примената на текстови со практична примена<br>-Вежби за пишување молба; приговор.<br>-Учениците имаат донесено формулари кои ги пополнуваат по инструкции на наставникот.<br><br>Методи:демонстративен метод, метод на разговор, метод на игра, текстуален метод, метод на анализа и синтеза | 1.7.1. – правилно пишува молба, приговор, формулар. |

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **Литература и лектира** | | | |
| 2.1. | - чита со разбирање и коментира авторска и народна поезија; | Лирика<br>Белези на авторска и народна поезија<br>Аудитивни и визуелни елементи<br>Рима<br>Ритам<br>Елементи на поетско изразување: метафора | -Читање лирски песни со различни мотиви;<br>-Рецитирање со правилен изговор на зборовите, правилно акцентирање ,почитување на интонациските знаци;<br>-Вежби за посочување на аудитивните и визуелните елементи;<br>-Пишување лични творби со употреба на аудитивни и визуелни елементи;<br>-Читање и рецитирање песни од народната и уметничката (авторска) поезија;<br>-Анализа на истите и објаснување на разликите меѓу народната и авторската поезија;<br>-Пишување творби со употреба на метафора и рима (машка, женска, дактилска); | 2.1.1. – дефинира и објаснува што е лирска поезија;<br>2.1.2. - набројува елементи на поетски дискурс;<br>2.1.3. - разликува авторска и народна поезија;<br>2.1.4. - препознава аудиовизуелни елементи во песна, рима и метафора;<br>2.1.5. - анализира и интерпретира поетски творби;<br>2.1.6. - твори куси поетски форми со рима и примена на стилски изразни средства. |
| 2.2. | - анализира прозен текст;<br>- прави разлика помеѓу фабула и содржина;<br>- определува тема и идеја на творба; | Проза<br>Елементи на прозен текст<br>Сезнаечки раскажувач<br>Драма-комедија<br>Народни приказни | -Читање текстови и одредување на фабула и содржина;<br>-Вежби за разликување на фабулата и содржината;<br>-Интерпретирање на фабула од | 2.2.1. – определува фабула и дискутира за неа;<br>2.2.2. – дискутира за темата и идејата во текстот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - го разликува сезнаечкиот раскажувач;<br>- ги препознава основните драмски видови: комедија и трагедија;<br>- ги согледува елементите на народните приказни. | | определени прозни текстови;<br>-Одредување на темата и идејата во прозните текстови;<br>-Одредување на нараторот (сезнаечки);<br>-Читање творби со различни форми на раскажување;<br>-Читање драмски текстови (комедија, трагедија);<br>-Читање по улоги;<br>-Вежби за определување на етапите на драмското дејство;<br>-Интерпретација на дел од одредени драмски текстови;<br>-Читање народни приказни;<br>-Гледање народни приказни;<br>-Интерпретација на народни приказни;<br>-Прераскажување народни приказни; | 2.2.3. – дискутира за темата и идејата во текстот;<br>2.2.4. – детектира наратор и вид наратор;<br>2.2.5. – прераскажува прозен текст и коментира за него;<br>2.2.6. – дефинира драма како драмски вид;<br>2.2.7. - чита и анализира драмски текст/извадок од драмски текст од видот комедија и анализира; |
| 2.3. | - дискутира за содржина на лектирно зададено дело,за настаните, за ликовите и за проблемските ситуации; | Лектира<br>„ Втората смена“ Велко Неделковска<br>„ Бегалка “ Васил Иљоски | -Читање лектири;<br>Аанализа на главни и споредни ликови (работа во групи или парови);<br>-Одредување тема, идеја, фабула<br><br>Методи: метод на читање по улоги, метод на креативно пишување за претворање на прозен текст во драмски текст, аудитивен метод за слушање на аудио-драма и правење разлика;<br>метод на коментар; демонстративен метод, метод на разговор, метод на | 2.3.1. – раскажува воочувајќи ги ситуациите од кои произлегуваат настаните во книгата;<br>2.3.2. – да издели главни од споредни ликови;<br>2.3.3. – анализира надворешни и внатрешни карактеристики на ликовите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | игра, текстуален метод | |

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **Изразување и творење**<br>**Јас и другите –**вообичаени, секојдневни активности и хоби;<br>**Моето семејство-**семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br>**Училиштен живот-**распуст, екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br>**Град/село –**земјоделски работи, поле, шума, природа, плоштад, булевар и др.;<br>**Култура и историја-**историски настани, обичаи за некои празници.<br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц | | | |
| 3.1. | -дискутира и дава свој став на зададена тема;<br>-дискутира и дава свое мислење за успешност на гледан филм, за одигран спортски натпревар, случувања од училишниот живот, проследена театарска претстава; | Разговор | -Разговор за гледана театарска претстава, гледан филм во кино, слушање радио-драма;<br>-Водење импровизирани разговори од различни животни ситуации: „Во аптека, болница, поликлиника“, „На роденден“, „На плоштад“ и сл.; | 3.1.1. – води разговор на зададена тема;<br>3.1.2. – води разговор за самостојно прочитан текст;<br>3.1.3. – води разговор за гледан филм, емисија, новинарски текст или театарска претстава. |
| 3.2. | -раскажува  во усна и писмена форма на зададена тема како и за свои доживувања, случки и настани од училишниот живот;<br>-раскажува точно користејќи го лицето и времето за личноглаголските форми. | Раскажување<br>Известување<br>Записник | -Вежби за хронолошко и ретроспективно раскажување;<br>-Вежби за продолжување на текст со даден почеток или крај;<br>-Раскажување со цел известување за некој настанодучилиштето (Настан во училиштето: „Еко акација“); | 3.2.1. – раскаже настан според однапред зададена тема;<br>3.2.2. – раскаже настан од културниот и спортскиот живот;<br>3.2.3. – раскаже прецизно известувајќи за настаните;<br>3.2.4. – раскажува менувајќи ги глаголските форми;<br>3.2.5. – пишува известување од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -Пишување известување за посета на театар, кино, доктор и сл.;<br>-Пишување записник од секција и сл.; | одреден настан или посета;<br>3.2.6. – пишува записник по зададен пример од состанок на одделенската заедница. |
| 3.3. | - прераскаже филм и театарска претстава според самостојно подготвен план;<br>- прераскаже ТВ – емисии или слушан текст; | Прераскажување | -Прераскажување на гледан филм;<br>-Прераскажување на театарска претстава; | 3.3.1. – прераскажува филм според план;<br>3.3.2. - прераскажува театарска претстава според план ;<br>3.3.3. – прераскажува ТВ – емисија;<br>3.3.4. – прераскажува слушан текст. |
| 3.4. | - опише лица со различни занимања;<br>- портретира познати личности ( музичари, актери, спортисти). | Опишување<br><br>Две писмени работи | -Учениците носат фотографии од лица кои се со различни занимања. Прават слика со зборови.<br>-Петминутен состав-Со неколку реченици објаснуваат и портретираат позната личност<br>Методи : демонстративен метод, метод на разговор, метод на игра, текстуален метод, писмено изразување, метод на истражување | 3.4.1. прави разлика при описот на лица со различни занимања;<br>3.4.2. – портретира познати личности ( музичари, актери, спортисти). |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовнисофтвери, веб-страници), мобилниапликации. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-5971/8**<br>**17.8.2020 година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |